# И родителите се важни

## Како да му помогнете на вашето дете со – Мерење на волумен и маса

Најраните искуства на децата со мерењето често се засноваат на тоа како ве набљудуваат вас како родител. Гледајќи ја мама или тато како мери и ги става состојките за некој рецепт, или како ги мери работите во продавницата за овошје и зеленчук често ќе стане дел од нивната игра во деновите после тоа.

## Како децата учат да мерат волумен и маса?

Во почетокот, децата ќе почнат да сфаќаат што е мерење преку споредба на предмети. Тие може да држат две играчки и да кажат која од нив е потешка или полесна, или да споредат две чаши и да кажат дека во едната има повеќе вода отколку во другата. Наскоро после тоа, тие почнуваат да споредуваат повеќе од два предмети.

Децата треба да играат со различни материјали и садови за полнење, пакување или турање (течности) пред да преминат на користење на формалните *единици*, на пример, килограми и грамови. Тие треба да сфатат како работите може да се стават заедно за да се наполни еден сад и кои материјали се подобри за пакување.



# И родителите се важни

## Што можете да правите дома?

- Дајте му на детето да игра додека се бања во када со пластични шолји со различна големина и голем пластичен сад. Поттикнувајте го детето да погоди колку шолји со иста големина се потребни за да се наполни садот.
- Кажувајте колку шолји или кафени лажичиња од секоја состојка се користат за одреден рецепт кога готвите нешто заедно.
- Поттикнувајте го детето да ги прибира играчките или книгите. Кажувајте му како работите можат подобро да се сместат во зависност од начинот на кој се ставаат или редат едни врз други.
- Направете дупка со песок од голема пластична вангла за детето да може да полни со песок различни садови. Корисни предмети за играње со песок се сита, цедилки, пластични лажички и шишиња, стари пластични кутивчиња за путер и инки.
- Бројте колку шолји суви макарони или пуканки се потребни за да се наполни една длабока чинија.
- Кажувајте колку многу можете да држите во раката. Споредете колку џамлии или мали камчиња можете да држите во однос на тоа колку може да држи вашето дете во раката.
- Соберете различни кутии со различна големина. Поттикнувајте го детето да види дали кутиите можат да се ставаат една во друга. Зборувајте за тоа со која кутија е најдобро да се почне и зошто.
- Наполнете кутија за чевли со коцки, еден ред по друг. Избројте колку коцки беа потребни за првиот ред и после тоа наредете повеќе реда.
- "Hefting" ("мерење") значи да се држи по еден предмет во секоја рака и да се одреди кој е потежок или полесен. Ова е добар начин децата да ја споредуваат тежината на различни предмети.

# И родителите се важни

- Фрлете различни предмети во кофа со вода или во кадата за да видите кој ќе направи најголем плисок. Зборувајте зошто некои работи паѓаат со поголем плисок од други.
- Покажете му на детето како ја користите кујнската вага при мерење на состојки.
- Дозволете му на детето да се мери на вагата во бањата. Измерете ги и другите членови од семејството и домашните галеничиња.
- Зборувајте колку тежеше детето кога се роди.
- Покажете му каде е напишана тежината на кутиите со прехранбени продукти.
- Дозволете му на детето да ви помогне при мерењето на работите кога купувате намирници.
- Играјте на клацкалка и кажувајте му што треба да се прави за клацкалката да оди горе, долу или да држите рамнотежа.